# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д<br>04.12.2018 год.<br>БРОЈ 14 ГОДИНА 53** |


**С О Д Р Ж И Н А**


| Реден број | Име на одлука | Страница |
|---|---|---|
| **1.** | Заклучок | **2** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 03.12.2018 година.

**Број 09-17142/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**03.12.2018 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Јован Стојаноски,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид, на седницата одржана на ден 03.12.2018 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да се обрати до Министерството за екологија, со барање за превземање на превентивни мерки и активности со цел спречување на поморот на плашици во иднина.

2. Се задолжува Градоначалникот на општина Охрид да побара од ЈНУ Хидробиолошки институт Охрид информација со цел добивање насоки за препорачани и дозволени флуктуации на нивото на езерото и превземање на конкретни мерки во оваа насока.

3. Се задолжува Градоначалникот во соработка со ЕЛЕМ Македонија да покрене иницијатива за формирање работна група која ќе даде писмени препораки за надминување на постојната состојба и иницирање на измени на постојната законска регулатива од оваа сфера.

4. Се задолжува Градоначалникот согласно позитивните правни прописи да превземе мерки за добивање на дозвола за мелиоративен риболов од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

5. Се препорачува на надлежните служби да извршат ископ, проширување и продлабочување на каналот Студенчишта.

6. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-17142/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**03.12.2018 год.** **Претседател**
**Охрид** **Живка Ангелоска,с.р.**